Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Ројал Солутионс – Подружница Управител плус - Скопје,** за сечење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (бреза), кое се наоѓа на **ул. "Атинска" бр. 1/3 – Скопје.**
2. Сечење на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечење на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Ројал Солутионс – Подружница Управител плус - Скопје, ул. "Багдадска" бр. 36 А-10 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/252** од **13.04.2023** година, за сечење на дрво што се наоѓа на **ул. "Атинска" бр. 1/3 – Скопје.**

Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека, дрвото кое е за сечење е целосно суво – мртво дрво и не постојат услови за негово пресадување. При невреме постои опасност од негово паѓање и причинување на материјална или друга штета.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека состојбата во која се наоѓа дрвото, не дозволува негово пресадување односно за истото е потребно да се овозможи сечење, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/252/2**
**26.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:
______________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
______________________